# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ ,,Братство”  период 2023-25 година

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ _бр.161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште  Братство изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-25 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ____23.06.2025_________ година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Афердита Сали-одделенски наставник
2. Драгана Горковска Гавриловска-одделенски наставник
3. Азра Зеќири-дефектолог
4. Катерина Ефремовска Лазаровска-предметен наставник
5. Сафије Бајрами-родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-25 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
| --- | --- |
| 1. Планирање, настава и учење | Марина Хаџипанзова-координатор<br>1.Марија Илиева<br>2.Хурмет Ала<br>3.Анета Шукриу Неби<br>4.Ленче Поповска<br>5.Марија Атанасоска<br>6.Ширете Нуредини<br>7.Џејљан Исмаили<br>8.Вита Трајческа<br>9.Зорица Т.Оклеска<br>10.Лилјана Цветковска<br>11.Мерољ Рушити<br>12.Сузана Цами<br>13.Гзим Селами<br>14.Ергин Османовски<br>15.Михајло Павиќевиќ<br>16.Ибадет Кадриу |
| 2. Постигања на учениците | Билјана Нарашанова-координатор<br>1.Фатмире Мурселовска<br>2.Ѓурѓица Маринова<br>3.Шпреса Ахмети<br>4.Имране Касами<br>5.Бахрије Ибрахими |

| | |
|---|---|
| | 6.Петре Кртески<br>7.Весна Стојанова<br>8.Ѓилсер Абдула<br>9.Дуреса Шаќиров<br>10.Јасна М.Китановска<br>11.Леонтина Кадри<br>12.Ресмие Авди<br>13.Бедрије Имери<br>14.Азра Зеќири<br>15.Маја Крстева<br>16.Елеонора Колевска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Теута Беџети-координатор<br>1.Лидија Заборска<br>2.Катерина Спасовска<br>3.Александар Панајотов<br>4.Тина Дишлиевска<br>5.Адурим Лута<br>6.Сихана Фетаова<br>7.Дрита Зеќири<br>8.Благица Атанасовски<br>9.Божидар Николовски<br>10.Рита Ибрахими<br>11.Ана Даскалова<br>12.Лиридона Сума<br>13.Мевљане Бектеш<br>14.Весна Ѓорѓиевска<br>15.Несрин Исени<br>16.Мирјана Чанкуловска |

| | |
|---|---|
| 4. Управување и раководење | Мерсије Абдула-координатор<br>1.Селим Амети<br>2.Рухије Сали<br>3.Маја Трајкоска<br>4.Јадранка Поповски<br>5.Татјана Трпезановска<br>6.Садик Исени<br>7.Арбреша Асипи<br>8.Ана Дионисиева<br>9.Илир Сали<br>10.Игор Костадиновски<br>11.Габи Атанасова<br>12.Сејхан Иљази<br>13.Елеонора Бошковска<br>14.Билјана Стојанова<br>15.Јоже Ајтарски<br>16.Мартин Ангеловски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на ____30.09.2025______ година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Директорот и стручните соработници на училиштето вршат следење на навременото доставување и реализирање на планирањата од страна на наставниците,<br>Наставниците користат различни методи и интерактивни техники за работа со учениците водејќи сметка за индивидуалните способности на учениците.<br>Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.<br>Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени.<br>Се води сметка за еднаква распределба и еднакво учество на сите ученици во разнивоннаставни активности, без разлика на половата и етничката припадност<br>Реализација на образована инклузија<br>Реализација на меѓуетничката интеграција<br>Училиштето се грижи за средината и атмосферата за учење на сите ученици |
| **Силни страни**<br><br>• Поддршка и следење на планирањето на наставниците од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;<br>• Годишните и тематските планирања, оперативните планови за нааставен час и сценаријата за наставниот час содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците; |

| |
|---|
| • Интеракција меѓу наставниците и учениците  и инеракција меѓу учениците<br>• Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;    Наставниците употребуваат  нови образовни технологии со  примена  во наставата;<br>• Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција,разбирање и доверба;<br>• Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес;<br>• Училиштето се доживува од страна на учениците и родителте како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;<br>• Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;<br>• Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;<br>• Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;<br>• Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, се почитуваат и задоволуваат;<br>• Користење  различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;<br>• Пропишани стандарди и критериуми за оценување<br>• Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето;<br>• Редовно известување за напредувањето на учениците.<br>• Реализација на образована инклузија и меѓуетничка интеграција |
| **Слаби страни**<br><br>-Оспособување на наставниците од предметна настава за поуспешно интегрирање на наставните содржини |
| **Приоритети**<br><br>- Планирање  на наставните содржини за интегрирана настава на наставници од предметна настава на македонски и албански наставен јазик |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Во текот на изготвувањето на овај извештај и со цел за веродостојност на податоците потпомогнато е со триангулација на податоците кои се добиени од статистички извештаи на разни квалификациони периоди, анкети со ученици, наставници, родител и, интервјуа со стручни соработници, директор, Едневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми. Беа анкетирани 35 ученика кои посетуваат настава на македонски наставен јазик и 35 ученика кои посетуваат настава на албански наставен јазик од IV до IX одделение, или вкупно 70 ученика, потоа 35 родители/старатели на ученици кои посетуваат настава на македонски наставен јазик и 35 родители/старатели на ученици кои посетуваат настава на албански наставен јазик од IV до IX одделение, или вкупно 70 родители/старатели и анкетирани беа 10 наставници кои изведуваат настава на македонски наставен јазик и 10 наставници кои изведуваат настава на албански наставен јазик, или вкупно 20 наставници.<br>Од добиените и анализираните податоци, следењето на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети, го оценуваме како многу добро, бидејќи училиштето континуирано прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети, полова и етничка припадност. На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех, поведението, изостаноците , како и споредби на успехот на учениците по пол и етничка припадност.<br>Учениците со потешкотии во учењето, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишаните процедури.<br>Истите се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници.<br>Училиштето има изготвено програма за надарени ученици, но не се детектирани такви ученици во нашето училиште.<br>Од податоците на сите изостаноци од учебната 2023/2024 и 2024/2025 година, се заклучи дека училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.<br>По потреба учениците кои имаат причини се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Истите добиваат и индиректно совети за поуспешно совладување на наставните содржини.<br>Во училиштето според претходно изготвен распоред редовно се држи додатна и дополнителна настава, кој е јавно истакнат на огласна табла. |

| Силни страни |
| --- |
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>• Наставниот кадар им дава системска помош на учениците кои заостануваaат со материјалот<br>• Учениците се задоволни од стручната подготвеност на наставниците<br>• Наставниците влијаат на подобрување на поведението на учениците преку совети и индивидуални средби со родителите Наставниците се достапни за соработка со родителите<br>• Училиштето води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и прави анализа на напредокот по паралелки<br>• Личните постигнувања на учениците се промовираат преку истакнување на училишната веб и фб-страна |
| **Слаби страни**<br><br>Во училиштето нема опремено сензорна соба за потребите на учениците со ПОП и МП |
| **Приоритети**<br><br>• Да се изнајдат можности за опремување сензорна соба за потребите на учениците со ПОП и МП |

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Опис/резиме** |
| Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници, документите кои се обработени, како и другите методи што се користени за собирање на податоците, се издвојуваат следните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритети за подобрување.<br><br>Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница, со активна соработка меѓу родителите и заедницата. Родителите изразуваат задоволство дека нивните мислења и ставови се почитуваат и влијаат на одлуките кои се донесуваат во училиштето. Постојат активности и проекти реализирани во соработка со Општината, кои придонесуваат за унапредување на образовниот процес и заедницата.Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска и албанска националност. Оваа разноликост го поттикнува негувањето и унапредувањето на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури. Исто така, разновидната програма на вонnаставни активности дополнително ги зајакнува врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.Училиштето има кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата. Работната атмосфера за време на наставата и воннаставните активности е позитивна при што вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност. Активниот Ученички парламент ги застапува интересите на учениците и редовно иницира активности за подобрување на работата во училиштето.Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера. Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка. Сите ученици се третираат еднакво и правично во активностите организирани од училиштето, независно од нивниот успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.Иако училиштето има системи за поддршка, одредени ученици, поради социјални фактори, често покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината, што бара дополнителни ресурси и напори за нивно справување. Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и воннаставните активности. Не сите ученици се подеднакво вклучени и заинтересирани за работата на Ученичкиот парламент, што понекогаш доведува до нерамномерно претставување на ученичките интереси и иницијативи.<br><br>Приоритетите за иднина вклучуваат подобрување на академскиот успех на учениците преку воведување на нови методи за учење и обезбедување на дополнителна поддршка за учениците кои се соочуваат со тешкотии. Се препорачува зголемување на вештините на наставниците преку обуки и професионален развој насочен кон спроведување на активности за унапредување на ученичкиот активизам и иновативни наставни методи. Активностите на Ученичкиот парламент треба да се поттикнат и поддржат со цел да се зголеми учеството на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето на проблемите.Понатаму, потребно е продлабочување |

на соработката со родителите преку нивно активно вклучување во наставните и воннаставните активности, организирање на работилници и предавања за подобрување на воспитно-образовниот процес, спречување на насилството и запознавање со правата на децата. Се препорачува и зголемување на учеството на училиштето во надворешни проекти и програми, кои ќе донесат дополнителни ресурси и можности за развој.Со овие приоритети, училиштето ќе може да ја подобри својата образовна понуда, да ги зајакне врските меѓу учениците, наставниците и заедницата и да создаде поинклузивна и поддржувачка средина за сите ученици.

**Силни страни**

- Соработка на училиштето со родителите/старателите
  Согласноста на родителите  дека се почитуваат нивните мислења и ставови за унапредувањето на воспитно-образовниот процес и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
- Соработката со Општината во спроведување на заеднички проекти кои се во интерес на училиштето и заедницата
  Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница и активно соработува со истата.
- Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска и албанска националност, активно работи на негување и унапредување на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури.
- Училиштето има богата програма на воннаставни активности со што дополнително се зајакнуваат врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.
- Училиштето има  кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата.
- Во училиштато се одржува работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност.
- Училиштето има активен Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и ги застапува интересите на учениците
- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените,  што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера.
- Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка.
- Еднаков и правичен третман на сите ученици во активностите организирани од страна на училиштето  независно од нивниот  успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.
- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на

образованието преку однапред изготвена програма, информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час, спроведување на прашалник за професионални интереси,и користење на промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

- Училиштето води грижа за хигиената при што редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и повеќепати во текот на денот, ходниците, скалите и тоалетите.

**Слаби страни**

- Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и вонаставните активности.

**Приоритети**

- Вклучување во надворешни проекти и програми со мможност за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и вонаставните активности.

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Во текот на анализата на подрачје 4 ,, Управување ,раководење и креирање политики тимот којшто работеше ги зема во предвид сите документи од Органот на управување (Училишниот одбор) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на 10 училиштето. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитнообразовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и партнерска соработка .Донесува одговорни одлуки. Има изградено професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Раководниот орган се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, Воспоставува партнерски однос со локалната заедница,родителите, наставниците и невладините организации.Целите на училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето има акциски планови ,ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има потреба од реконструкција на фискултурна сала за непречено реализирање на часовите по физичко и здравствено образование. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Од она што е увидено училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа,обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување и подобрување и осовременување на на училиштето. |

Најголем проблем е целосно опремување на училниците со смарт табли и компутери Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Со финансиското работење на училиштето, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето и се објавуваат на веб страната на училиштето.Финансовиот план на училиштето го донесува. Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува, Општината.Користењето на материјално-финансиските средства е транспарентно и законски поддржано .

**Силни страни**

Што се однесува за соработката на членовите на Училишниот одбор со тимот за раководење и управување на ООУ "Братство"- Скопје, може да кажеме дека е на високо ниво. Може да се произнесеме и за нивното мислење како извор ќе го наведеме дел од интервјуто со членовите на УО:

- Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.
- Директорот има придонес во афирмацијата и угледот на училиштето.
- Раководниот орган бара одговорност и работна дисциплина.
- Обезбедува услови за соработка со родителите и ја почитува иницијативата на Советот на родители.
- Развива добра соработка со локалната заедница.
- Соработува со други училишта и организации.
- Го обезбедува маркетингот на училиштето.
- Членовите на УО; сметаат дека директрот редовно поднесува извештај на Училишниот одбор за активности кои се одвиваат во училиштето.
- Редовно поднесува извештај за својата работа на Училишниот одбор.
- Се грижи за остварување на развојниот план на училиштето.

| |
|---|
| ▪ Организира педагошко - инструктивен увид и превзема мерки за унапредување на работата на наставниците и стручните соработници.<br>▪ Превзема мерки за извршување на препораки од просветниот инспекторат и просветните советници. |
| **Слаби страни**<br>• Реконструкција на фискултурана сала. |
| **Приоритети**<br>-Изнаоѓање на можности за реконструкција на  фискултурната сала поради непречено реализирање на часовите по физичко и здравствено образование.За можностите за реконструкцијата ќе биде  во соработка со МОН |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Реконструкција на фискултурната сала.
- Учество во проекти , кои вклучуваат меѓународна размена на наставници и ученици , со цел за размена на искуства и знаења за унапредување на воспитно-образовниот процес

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Афердита Сали-одделенски наставник ____________________________________________
2. Драгана Горковска Гавриловска-одделенски наставник ____________________________________________
3. Азра Зеќири-дефектолог ____________________________________________
4. Катерина Ефремовска Лазаровска-предметен наставник ____________________________________________
5. Сафије Бајрами-родител ____________________________________________